Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности
Хидросистем Злетовица-Пробиштип
Бр. 03-77/1
21. 01 2022 год.

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РСМ бр.101/2019)
Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип, со седиште на адреса: ул.Цветко Тонев бр.3А Пробиштип,
Контакт телефон: 032/481-520,
e-mail: contact@hszletovica.com.mk
**(името на имателот на информацијата, адреса, телефон, факс, e-mail)**
Игор Манасов
**(името на службеното лице)**

го подготви следниот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**(од 1.01.2021 до 31.12.2021)**

**1. Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации;**
Игор Манасов тел:032-481-520 лок.120, 071/306-250
e-mail: igormanasov@hotmail.com

**2. Број на примени барања;**
Во текот на 2021 година до ЈП ХС Злетовица Пробиштип пристигнаа вкупно пет барања, четири од Здруженија на граѓани и едно од физичко лице:

- На 14.01.2021 година беше поднесено барање со архивски број 03-49/1 од физичко лице Давид Илиевски, во кое се бараше да му се достават проектите во ЈП ХС Злетовица кофинансирани преку инструментот „Инвестициска рамка за Западен Балкан (ВБИФ)", односно за консултантски услуги за изработка на техничка документација за Фаза 2-наводнување и Фаза 3-енергетика, кои консултантски услуги се финансираат од оваа рамка-ЕИБ:

1. Тендерска документација подготвена за овие проекти,
2. Одлуката за избор на изведувач и склучување договор за овие проекти.

Се бараше одговор по е-маил.

- На ден 25.02.2021 година пристигнаа две барања од здружението „Центар за управување со промени" од Скопје со архивски број 03-145/1 и 03-145/2, а на ден 02.03.2021 година од истото здружение пристигна уште едно барање со архивски број 03-145/5. Секое од барањата содржеше готов формулар – прашалник во кој се бараше да се пополни истиот со заокружување на една од дадените солуции или пак да се дополни текстуално на зададеното прашање, воглавно прашањата беа од статистички карактер, се однесуваа на бројот на актуелни вработени лица во претпријатието во изминатите три години, број на пензионирани лица, број на лица кои направиле прекин на работниот однос, какви групи на вработени имаме, начинот на кој се исплатува платата на вработените, се бараше број на членови на УО и НО одбори, нивна етничка застапеност како и нивните месечни примања, потоа платата на раководните лица на институцијата.
Се бараше одговор по е-маил.

- На ден 09.03.2021 година од страна на здружението „Центар за економски анализи" од Скопје пристигна барање со архивки број 03-165/1. Во барањето се бараше да се одговори за осум информации:

1. Волумен на акумулација и намена на акумулација (енергија, наводнување, водоснабдување, ретензија) за езеро Кнежево.

2. Последни податоци за просечна длабочина, најголема длабочина, водна зафатнина на вештачките езера кои се во ваша надлежност, за езеро Кнежево.
3. Просечен месечен водостој на езеро во мнм и температура за периодот 2010-2020 година за езеро Кнежево.
4. Просечен неделен водостој на езеро во мнм и температура за периодот 2019-2020 година за езеро Кнежево.
5. Апсолутен минимум на водостој по езеро за периодот 2010-2020 година за Кнежево.
6. Минимум прифатлив проток на акумулација Кнежево на месечна основа за периодот 2010-2020 година.
7. Среден месечен проток и расположлива вода за користење во месецот за периодот 2010-2020 година и по намена за користење за езеро Кнежево.
8. Максимален и минимален прифатлив проток на годишно ниво и вкупен годишен волумен за периодот 2010-2020 година за езеро Кнежево.

Информацијата се бараше да биде доставена по е-маил.

**3. Број на позитивно одговорени барања;**

На сите пристигнати барања во текот на 2021 година, вкупно пет, имателот на информацијата ЈП ХС Злетовица Пробиштип, преку службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, одговори позитивно, во законски определениот рок во форма и начин каков што се бараше од барателите на информациите:

- На барањето со архивски број 03-49/1 од физичко лице Давид Илиевски, пристигнато кај нас на 14.01.2021 година од наша страна беше одговорено на 22.01.2021 година, се доставија бараните информации:
1.Тендерска документација подготвена за наведените проекти и
2.Одлуката за избор на изведувач и склучување договор за неведените проекти
Се одговори како што се бараше по е-маил.

- На барањата од здружението „Центар за управување со промени" од Скопје пристигнати кај нас на 25.02.2021 година со архивски броеви 03-145/1 и 03-145/2 како и на барањето од 02.03.2021 година со архивски број 03-145/5, од наша страна на сите три барања беше одговорено на 12.03.2021 година, сите формулари и прашалници кои се содржеа во барањата од наша страна беа прецизно пополнети со што барателот на информацијата се стекна со потребните информации кои ги бараше, а се однесуваа на бројот на актуелни вработени лица во претпријатието во изминатите три години, број на пензионирани лица, број на лица кои направиле прекин на работниот однос, какви групи на вработени имаме, начинот на кој се исплатува платата на вработените, број на членови на УО и НО одбори, нивна етничка застапеност како и нивните месечни примања, платата на раководните лица на институцијата.
Се даде одговор како што се бараше по е-маил.

- На барањето од здружението „Центар за економски анализи" од Скопје пристигнато кај нас на 09.03.2021 година со архивски број 03-165/1 од наша страна беше одговорено на 19.03.2021 година. По однос на сите побарани информации беше конкретно и детално одговорено со податоци со кои во моментот располага ЈП ХС Злетовица, поткрепено со ексел табели кои исто така беа доставени во прилог на одговорот.
Се даде одговор на бараните информации како што се бараше по е-маил.

**4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање;**
0(нема)

**5. Број на неодговорени барања**
0(нема)

**6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација);**
0(нема)

**7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата;**
0(нема)

**8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата**
0(нема)

**9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање и**
0(нема)

**10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање**
0(нема)

**НАПОМЕНА:** Таксативно набележаните обврски од член 36 значат и Ваша обврска на истите да одговорите прецизно, со податоци, коментари и карактеристики што произлегуваат од Вашата работа.

**УКАЖУВАЊЕ: Согласно Националниот акциски план за Отворено Владино Партнерство и заложбата „Проактивно објавување на информациите од јавен карактер на веб страниците на институциите“, во Прилог на Годишниот извештај, службените лица кај имателите на информации од јавен карактер треба да ги внесат линковите до 22-те категории на документи содржани во членот 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Ова Укажување се однесува на имателите на информации од јавен карактер кои имаат веб страници**

1. податоците од неговите надлежности кои ги извршува, односно му се утврдени со закон, **(линк)**
   http://hszletovica.com.mk/hidrosistem/

2. основните податоци за контакт со имателот на информацијата и тоа: назив, адреса, телефонски број, број на факс, е-маил адреса и адресата на интернет страницата, **(линк)**
   **http://hszletovica.com.mk/kontakt/**

3. податоците за функционерот или одговорното лице кај имателот на информацијата
(биографија, податоци за контакт и друго), **(линк)**
http://hszletovica.com.mk/direktor/

4. основните податоци за контакт со службеното лице за посредување со информации и тоа: име и презиме, е-маил адреса и телефонски број, **(линк)**
http://hszletovica.com.mk/category/odnosi-so-%d1%98avnosta/

5. основните податоци за контакт со лице овластено за заштитено внатрешно пријавување и тоа: име и презиме, е-маил адреса и телефонски број, **(линк)**
http://hszletovica.com.mk/category/odnosi-so-%d1%98avnosta/

6. список на лица вработени кај имателот на информацијата со позиција, службен емаил и службен телефон, **(линк)**
http://hszletovica.com.mk/organizacija/
http://hszletovica.com.mk/rakovodna-struktura/

7. законите кои се однесуваат на надлежноста на имателот на информации, поврзани со регистарот на прописи објавени во службеното гласило, **(линк)**
http://hszletovica.com.mk/wp-content/uploads/2019/03/scan0171.pdf

8. прописите што во рамките на својата надлежност ги донесува имателот на информацијата во вид на подзаконски акт: правилници (правилник за внатрешна организација, правилник за систематизација на работните места, правилник за заштитено внатрешно пријавување и друго), уредби, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови акти за извршување на законите и други прописи, кога за тоа се овластени
со закон, **(линк)**
http://hszletovica.com.mk/category/dokumenti/

9. органограм за внатрешна организација, **(линк)**
http://hszletovica.com.mk/wp-content/uploads/2021/11/Organogram-na-JPHS-Zletovica-2020-Model-1024x724.jpg

10. стратешки планови и стратегии за работа на имателите на информации, **(линк)**
http://hszletovica.com.mk/category/dokumenti/

11. годишни планови и програми за работа, (линк)
http://hszletovica.com.mk/godishni-izveshtai/

12. годишен Буџет и завршна сметка, **(линк)**
http://hszletovica.com.mk/godishni-izveshtai/

13. годишни финансиски планови по квартали и програми за реализација на буџетот,
http://hszletovica.com.mk/category/izvestai/

14. ревизорски извештај, **(линк)**
http://hszletovica.com.mk/revizorski-izveshtai/

15. видови услуги кои ги даваат имателите на информации (информации за физичката достапност за остварување на услугите и информации за е-услугите, податоците за законските основи, називот на услугите, документите и податоците потребни за

остварување на секоја од услугите, механизмите за правна заштита и други релевантни податоци), **(линк)**

16. тарифници за надоместоци за издавање на реални акти, **(линк)**

17. начинот на поднесување на барање за пристап до информации (начин на поднесување усно и писмено барање за пристап до информации, како и барање поднесено по електронски пат), **(линк)**
    **http://hszletovica.com.mk/obrastsi/**

18. целокупната документација за јавните набавки, за концесиите и за договорите за јавно-приватно партнерство, **(линк)**
    http://hszletovica.com.mk/category/nabavki/

19. предлог на програми, програми, ставови, мислења, студии и други слични документи кои се однесуваат на актите од надлежноста на имателот на информации, соопштенија до јавноста за работи преземени од нивната интернет страница во согласност со законските надлежности, информативни билтени, службени гласила ако се обврска согласно закон и друго, **(линк)**
    http://hszletovica.com.mk/category/soopstenija/

20. извештаи за работа кои ги поднесуваат до органите надлежни за спроведување контрола и надзор, **(линк)**
    http://hszletovica.com.mk/category/izvestai/
    http://hszletovica.com.mk/dokumenti-sloboden-pristap-do-informatsii/

21. статистички податоци за работата, како и други информации, акти и мерки со кои се влијае на животот и работата на граѓаните и кои произлегуваат од надлежноста и работата на имателот на информации **(линк)**

22. други информации кои произлегуваат од надлежноста и работата на имателот на информацијата. **(линк)**

Пробиштип
21.01.2022 година

ЈП ХС Злетовица Пробиштип
**(Имател на информации-печат)**

Игор Манасов
**(службено лице – потпис)**